**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Кочани |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љубинка Ајтовска, координаторка за еднакви можности на мажите и жените во Општина Кочани |
| **Период на известување** | 2019 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 30.3.2020 година |

**Дата, 30.3.2020 година**

**Име и презиме** (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност) **Николчо Илијев, градоначалник на Општина Кочани**

**Потпис:**

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме** (на Раководител на сектор за еднакви можности) **:**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

Од основните мерки се донесени акти за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во општинските програми за работа.
Од делот на позитивните, охрабрувачките и програмските мерки е преземана иницијатива за формирање интерсекторска група за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кочани; дадена е препорака до градоначалникот и општинските служби за систематизација на ново работно место – координатор за еднакви можности на жените и мажите; внесени се измени во Локалниот акциски план за еднакви можности за финансиска поддршка на жени и деца во социјален ризик.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

– 259 жени опфатени со Програмата за социјална заштита, со искористување на 6 мерки
– 300 средношколци од двете средни училишта воведени во концептот за родова еднаквост;
– 300 средношколци од двете средни училишта запознаени со самопрегледи за рано откривање на рак на градата;
– 50 жени вклучени во Трката за поддршка на женско здравје и промоција на концептот за физичка активност како модел за борба против тешките болести;
– новозачленети 20 девојчиња и 10 момчиња во Извидничкиот одред „Ластовица“
– неопределен број корисници на изградени 11 пристапни рампи на тротоарите во градот Кочани, од кои корисници се и мајки со детски колички;
– 755 жени вклучени во организација и прикажување на културни содржини организирани од Општина Кочани и 12.350 жени – публика која ги следела прикажаните активности;
– 10 жени од социјално ранливи групи – поддржани финансиски, по повод празникот 8 Март со еднократна финансиска помош во висина од 6 000 денари;
– 1 ученик од основно образование, од еднородителско семејство, упатен на бесплатно летување;
– 10.000 жени, гледачи на локалниот медиум ТВ Канал 8, до кои беше упатена видеопорака за превентивни прегледи заради рано откривање на ракот на градата.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (**Ве молиме наведете само аутпут индикатори**[1])

Со организирање на културни активности поврзани со улогата на жената во уметноста, се зајакнува свеста и се менува перцепцијата за нејзината маргиналната позиција во оваа општествена сфера, особено на локално ниво.

Со реализираните практични едукации на средношколците за превентивни прегледи за рано

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

откривање на промени на градите, за 25 % е зголемена свеста и умешноста за самопрегледи кај матурантите.

Со емитувањето на реклама-повик на локалната ТВ Канал 8 за навремени прегледи на градите, за 10 % е зголемен бројот на пациенти во Општа болница – Кочани, коишто направиле контролен преглед без да имаат симптоми на болест.

Воведувањето на општинската мерка за обезбедување поддршка за летување на ученици во социјален ризик од основните училишта е новина со која се овозможува надминување на социјалната положба и вклучување на оваа категорија деца во активности што даваат повеќе можност за нивно социјализирање.

Процентот на жени корисници на социјалната мерка за платени автобуски карти од Општина Кочани е намален за 57 %.

Процентот на жени корисници на социјалната мерка за лекови што не се на позитивната листа е намален за 74 %

Изградени 11 нови пристапи на тротоари;

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

– Табеларен приказ на користењето помош на социјално загрозени лица за 2019 година;
– Табеларен приказ за учесниците и публиката во културните настани во 2019 година;
– Вклученоста на жените и мажите како крајни корисници и ангажирани лица во програмата Општинско корисна работа;
- Список на локации за изградени пристапи на тротоарите.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** (согласно член 11 од ЗЕМ):

– Воведена парична поддршка на жени во социјален ризик, по повод 8 Март;
– Воведено бесплатно летување на ученици од ранливи групи од основните училишта во Кочани;
– Активности за рано откривање на ракот на градата, кожата и простатата: предавања од медицински стручњаци, учество во Розовата прошетка организирана од Здружението „Борка“ во Скопје.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

- 9 жени во социјален ризик добиле паричен износ во висина од 6.000 денари, по повод 8 Март;
- 1 ученик во основно образование искористил летување во Струга, заедно со група соученици;
- 50 жени опфатени со предавање за рано откривање на ракот на градата; 50 жени опфатени во промоција на физичката активност како основа на доброто здравје во активноста Трка за женско здравје...

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

Принципот на еднакви можности на жените и мажите е инкорпориран во Програмата

„Форуми во заедницата“ и на тематскиот форум: социјална инклузија и социјална заштита реализиран во Кочани во 2019 година со 4 форумски сесии.

На првата сесија учествуваа вкупно 69 лица, од нив 27 мажи и 42 жени; на втората сесија учествуваа вкупно 59 лица, од нив 17 мажи и 42 жени; на третата сесија имаше вкупно 38 учесници, од нив 8 мажи и 30 жени и на четвртата сесија учествуваа вкупно 37 учесници, од нив 12 мажи и 25 жени
На првата сесија беа предложени вкупно 19 предлог-идеи за проекти, од кои 12 иницијативи беа од жени и 7 од мажи. Во последниот избор на проекти за финансирање од Форумот во заедницата влегоа три проекти, и сите три беа иницирани од жени.
За имплементација од предложени проекти е избран проект предложен од жена.

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

- Извештаи од првата и од четвртата сесија одржани во рамките на Форумот во заедницата во Кочани

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Да. Општина Кочани имаше соработка со Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women) во проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“; Заедницата на единиците за локална самоуправа – ЗЕЛС; Министерството за труд и социјална политика, Секторот за еднакви можности на жените и мажите; Здружението за борба против сите видови рак „Борка – за секој нов ден“ во активностите „Ноември – месецот на машкото здравје“, „Пролетен крос – Трка за поддршка на женското здравје“, со Фондацијата „Славко Јаневски“ во настанот Промоција на романот на годината; Еуромеланома 2019 во Европската кампања за рано откривање на ракот на кожата; со ЈЗУ Центар за социјални работи – Кочани во креирањето родови мерки за ранливи групи, со Општа болница за спроведување бесплатни лабораториски услуги за рано откривање кај мажите и жените од социјални ранливи групи и со локалната ТВ Канал 8 за реализирање медиумска кампања.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**
**Да.**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

Вработени вкупно 94; жени 62; мажи 32;
Раководни позиции вкупно 18; жени 6; мажи 12;
Советници вкупно 15; жени 7; мажи 8;
Виши соработници вкупно 3; жени 2; маж 1;
Соработници вкупно 18; жени 9, мажи 9;
Помлади соработници вкупно 2; жена 1; маж 1;
Самостојни референти вкупно 6; жена 1; мажи 5;
Виши референти вкупно: 2; жена 1; маж 1;
Референт вкупно 1; жена 1; мажи 0;
Технички персонал вкупно 11; жени 4; мажи 7;
Пожарникари вкупно 16; жени 0; мажи 16.

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Прилог – документ од Одделението за човечки ресурси со преглед на човечки ресурси разделени по пол

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

Во делот на директна комуникација на граѓаните со градоначалникот на Општина Кочани, во 2019 година е реализирен прием и разговор со вкупно 358 странки, од кои 226 биле мажи, а 132 биле жени.

* **приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

* Документ од Програмата за општинско корисна работа

**2.12. Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**

Да.

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има преземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

1. Доделени 15.000 денари за спортска опрема на женската екипа на КК „Баскет Дино"
2. Одобрени 8.000 денари за летување на ученик од семејство во социјален ризик; (7.000 денари за летување во одморалиштето „Сулферино" во Струга и 1.000 ден. за превоз Кочани – Струга – Кочани)
3. Финансиска помош на 9 жени во социјален ризик, вкупно (54.000 денари) по повод 8 Март
4. Одобрени 10.000 денари за Извидничкиот одред „Ластовица" за опрема за кампување
5. Одобрени 16.000 денари на лице со инвалидитет (слепило) за лекување во странство
6. Дебата со средношколци на темата „Рамислувај еднакво, гради праведно, со иновација за промена" СОУ „Љупчо Сантов"; учесници: Кристина Хаџи-Василева – надворешен соработник на UN Women за родови прашања, Бисера Ушинова – претприемач, сопственик на Агенција за привремени вработувања од Штип; Соња Гушкова – електроинженер, вработена во КЈП „Водовод", 8.3.2019 г.
7. Промоција на романот на годината од Фондацијата „Славко Јаневски" – „Некој бил тука" од Николина Андова Шопова
8. Трка за женско здравје – Пролетен крос 2019
9. Предавање на тема „Малигниот меланом на кожата – откривање, превенција и третман", предавач д-р Зорица Зафировиќ, специјалист дерматолог од Универзитетската клиника за дерматологија во Скопје
10. Едукативно предавање за навремено откривање на ракот на простата – во рамките на одбележувањето на „Ноември – месецот на машкото здравје", во соработка со невладината организација „Борка" предавачи – спец. онколог д-р Мери Пешевска и спец. радиолог д-р Драгана Могилевска Груевска
11. Поддршка со обезбедување автобуски превоз за учесниците во Розовата прошетка во Скопје, организирана од „Борка" и за учество на Националата конференција за борба против ракот на дојката;
12. Отпечатена Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Кочани со поддршка од UN Women

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

1. Проширување на листата на родово разделените статистички податоци за составот на работните и другите тела, делегациите и другите органи во единиците на локалната самоуправа, именуваните претставници во јавните претпријатија и установи при остварувањето на надлежностите од нивниот делокруг на работење.
2. Вклучување на родовата перспектива во програмите, стратегиите и останатите

документи што ги разгледува и усвојува Советот на Општина Кочани

3. Внесување на родовата перспектива во локалната средина (културни настани, промоции, концерти, предавања, едукативни содржини)
4. Зајакнување на соработката на координаторот и заменик-координаторот со Комисијата за еднакви можности и со субјектите одговорни за усвојување и спроведување на мерките за воспоставување на еднакви можности
5. Родово одговорно буџетирање
6. Подигање на свеста за грижа на жената и мажите за сопственото здравје
7. Еднаков пристап за сите на сообраќајниците во Кочани
8. Поддршка на жени и деца од социјално ранливи категории
9. Поддршка на спортски и рекреативни здруженија за

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

1. 20 девојчиња што тренираат кошарка добија соодветна спортска опрема
2. 1 ученик од еднородителско семејство користел летување
3. 9 жени во социјален ризик добиле финансиска поддршка за Меѓународниот ден на жената
4. 53 девојчиња и 50 момчиња (бројот на девојчињата во Извидничкиот одред е одличен) добиле подобрени услови за кампување – обезбедена е опрема за кампување
5. 1 девојка – лице со хендикеп добила финансиска поддршка за лекување во странство
6. Со 70 средношколци е дебатирано за значењето на долгогодишната борба за родова еднаквост и да се најдат начини за премостување на пречките и да се забрза прогресот кон економската, социјалната и политичката еднаквост на жената во современиве околности
7. Пред 30 лица од кои 17 мажи и 13 жени е промовиран романот на годината од Фондацијата „Славко Јаневски". Овој настан е резултат на родовата анализа и статистика која вели дека од 1999 до 2019 година, од 20-те доделени награди за роман на годината, само шест се на жени. Претставувањето на наградените авторки пред кочанската публика е еден вид охрабрување на жените да творат и да конкурираат за високите книжевни награди.
8. 22 жени кои самите прележале рак на дојката или се поддржувачи на женското здравје, учествуваа во Трката за женско здравје на Градскиот стадион во Кочани. Пред публика од 500 ученици беше пренесена пораката за важноста на физичката активност во одржувањето на здравјето.
9. 20 лица од кои 4 мажи и 16 жени е одржано предавање за на тема „Малигниот меланом на кожата – откривање, превенција и третман" во кое се потенцирани опасностите и заканите од ракот на кожата и се издвоени земјоделците како категорија којашто е изложена на поголем ризик.
10. 23 лица од кои 6 мажи и 17 жени е одржано предавање за подигнување на свесноста за машкото здравје. Предавањето целосно е снимено и емитувано на локалниот медиум ТВ Канал 8, што значи дека едукацијата за превенција од ракот на простата е пренесена до повеќеилјадна публика.
11. Обезбеден транспорт на 50 жени за учество во активностите за превенција од рак на дојката
12. Отпечатени 150 примероци од Родовата стратегија за одржлив развој на Кочани и дистрибуирани 80 примероци на правни и физички субјекти во Кочани
13. Одржани се 7 седници на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и донесени се повеќе заклучоци за имплементација на родови политики и за

определување ресурси за понатамошно градење на капацитетите за спроведувањето на политики за родова рамноправност.

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**
Издвоени се 133.000 денари од Буџетот на Општина Кочани и средства за реализирање телевизиска кампања, за печатење од UN Women, од „Борка" за едукација во Кочани, од Министерството за здравство, Еуромеланома и Универзитетската Клиника за дерматологија за предавање.

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**
Да.

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**

1. Работна средба одржана на 14 март 2019 година во х. Гранд Плаза во Скопје на тема: „Како до родово одговорна општина", организирана од Здружението „Реактор" (добиен Водич за општинската администрација);
2. Воведен настан „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија" 29 март 2019, МКЦ Клуб Ресторан; организирано од UN Women (во видеопрезентацијата беше вклучен исказ на координаторката за еднакви можности од Општина Кочани)
3. Обука на UN Women за претставници/чки на единиците на локалната самоуправа 10 – 13 јуни 2019 г. Струга
4. Фокус-група за оценка на спроведувањето на одредбите од Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите кои се однесуваат на локално ниво, Хотел Холидеј Ин, Скопје; 23.9.2019 г. (во организација на ОБСЕ)
5. Основна обука за државни службеници за справување со дискриминација и говор на омраза во организација на Министерството за труд и социјална политика, 15.11.2019 г., Клуб на пратеници – Скопје
6. Обука за обучувач(к)и за родово одговорно буџетирање, од 2 до 5 декември 2019, во хотел Радика, Маврово

**Дали тој во обуките се јавил/а како:**
**А) слушател/слушателка**
**Б) обучувач/обучувачка**

**2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

Претходно набројаните од 2.15 и:

1. Работилница во организација на ЗЕЛС на тема: „Родово одговорни политики и буџети" (14 и 15 април 2016 г., Берово)
2. Учество на работилницата „Родовата еднаквост и пристапување кон ЕУ - признание за постигнатото и план за иднината" , како дел од твиниг-проектот „Поддршка за имплементација на родова еднаквост" на Министерството за труд и социјална политика во соработка со Кралството на Велика Британија и Северна Ирска, Португалија и Романија (28 септември 2016, Штип);
3. Учество на Завршната конференција за проектот „Зајакнување на капацитетите на општинските службеници и локалните претставници за родово одговорно буџетирање" (31 октомври 2016)
4. Работна средба со претставници од МТСП за запознавање со новиот Закон за превенција, спречување и заштита од семјно насилство и со измените во Законот за еднакви можности на мажите и жените; (2014)
5. Работна средба за меѓуинституционална соработка помеѓу Комисијата за заштита од дискриминација и единиците на локалната самоуправа. (2014)

**2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете:** Тие се пренесуваат преку внатрешни состаноци во рамките на единицата на локалната самоуправа, со писмени извештаи и споделување материјали.

**2.18.Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

Иницијативи за воведување на родовата перспектива во повеќе програми за работа во Општина Кочани, предложени на КЕМ, усвоени со акти од Советот на Општина Кочани. Тоа се:

Предлог-програмата за уредување и одржување на градското зелнило на територијата на Општина Кочани за 2020 година, набавка, поставување и одржување на урбана опрема, одржување на детски игралишта и одржување на фонтаната „Зрно" за 2020 година, со насока за воведување на родовата перспектива при нејзината реализација;

Предлог-програмата за култура на Општина Кочани за 2020 година со насока за редовна интеграција на родовата перспектива при нејзината реализација, односно организирање културни активности што ја промовираат и родовата еднаквост;

Предлог-програмата за спорт на Општина Кочани за 2020 година со насока за редовна интеграција на родовата перспектива при нејзината реализација, односно организирање спортски активности што ја промовираат родовата еднаквост;

Предлог-програмата за поддршка на образованието на Општина Кочани за 2020 година со насока за редовна интеграција на родовата перспектива при нејзината реализација и преземање мерки за родова сензибилизација во образовниот процес;

Предлог-програмата за спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Кочани за 2020 г. со насока да ја одржува родовата перспектива и да информира за неа при следењето на состојбата со заразни болести;

Предлог-програмата за остварување социјална, детска и здравствена заштитана Општина Кочани за 2020 година со насока да ја одржува родовата перспектива и според родово разделените податоци да предлага и спроведува соодветни родови мерки и активности;
Предлог-програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани за 2020 година со насока за вклучување на родовата перспектива при нејзината реализација;
Предлог-програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кочани со насока за вклучување на родовата перспектива при нејзината реализација;
Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на заштитата на животната средина во 2020 г. со насока за вклучување на родовата перспектива при нејзината реализација;
Програмата за активностите на општина Кочани во областа на локалниот економски развој за 2020 година со насока за интегрирање на родовата перспектива при нејзината реализација;
Програмата за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Кочани во зимски услови за 2019/20 година со насока за интегрирање на родовата перспектива при нејзината реализација; програмата за работа на Советот на Општина Кочани за 2020 година со насока за интегрирање на родовата перспектива при нејзината реализација.

2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Сите се усвоени, а реализацијата оди постапно. Еве примери за дел од начините на спроведување:

Со вклучување на родовата перспектива при реализацијата на **Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња** на територијата на Општина Кочани се препорачува на избраниот изведувач за заловување на бездомни кучиња да ги стави како приоритетни за заловување локациите каде е голема фреквенцијата на жени, мајки, деца, инвалиди. То се, пред сè, детски градинки, основни и средни училишта, текстилни фабрики, институции каде е почест пристапот на лица со инвалидитет, автобуски постојки каде е поголем бројот на корисници жени и сл.

Со воведување на родовата перспектива во **Програмата за уредување и одржување на градското зелнило на територијата на Општина Кочани, набавка, поставување и одржување на урбана опрема, одржување на детски игралишта и одржување на фонтаната „Зрно“,** КЈП „Водовод“ како нејзин реализатор треба да се погрижи при вработувањето во оваа област да им се даде предност на лицата од помалку застапениот пол (во овој случај жените); при поставувањето на урбаната опрема да се избегнуваат детали коишто ја отежнуваат употребата од страна на жените и на децата (пр. сите канти за отпад да не бидат превисоко поставени, на одредени локации – на пример кај детските игралишта да има и пониски за да можат и децата сами да го фрлаат отпадот во нив; јавните чешми да не бидат превисоки и да се полесно достапни за пиење вода, да бидат заштитени од можност да бидат користени и од бездомни кучиња и од луѓе едновремено; детските игралишта и реквизити да бидат прилагодени со сооветен приод за мајки со колички или за инвалиди и сл.)

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Предизвиците со кои се соочуваме, а се појавуваат со тековното работење на планот на еднаквите можности, ги надминуваме со менторската поддршка од UN Women, и Министерството за труд и социјална политика, преку Секторот за еднакви можности.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

И покрај напорите од надлежните службеници, во Општина Кочани сè уште не реализирана ни основната е-обука на службениците што ја спроведува Министерството за информатичко општество и администрација.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Што повеќе контакти со граѓаните – тие се извор на идеи за надминување на нееднаквата дистрибуција на општествените добра и ресурси.

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кои што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

- Изработка на Правилник со критериуми во врска со конкурсот за летување на деца од основните училишта, во социјален ризик;
- Преземање охрабрувачка мерка во областа на спортот, во доделувањето на наградите при изборот на спортист на Кочани, за воведување награда за категоријата жени/девојки кои постигнале спортски резултати. Мерката ќе се преземе врз основа на родовата анализа заснована на статистичките податоци за добитниците на наградите во рамките на манифестацијата „Избор на спортист на Кочани". Имено, во периодот од 2006 до 2018 година, само една девојка го понела највисокото признание *спортист на годината*;
- Иницијатива за преземање охрабрувачка мерка во областа на спортот, со воведување стипендија за спортистка-спортска надеж на Кочани. Координаторката за еднакви можности да препорача на Комисијата за за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Кочани и градоначалникот на Општина Кочани да го прошират бројот на корисници на стипендијата за спортист-спортска надеж на Кочани, со уште една корисничка на стипендијата од спорт во категоријата жени/девојки. Препораката произлегува од родовата анализа заснована на статистичките податоци за корисниците на стипендијата за спортист-спортска надеж на Општина Кочани;
- Прошируваање на листата на жени во социјален ризик на кои ќе им биде доделена финансиска помош по повод Празникот на жената 8 Март;
- Воведување мерка за поддршка на мажи, во рамките на одбележувањето на „Ноември – месецот на машкото здравје" и др.

## КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**
Комисијата е формирана во 2006 година.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

а) **Пол** – 4 жени, 1 маж
б) **Образование** – 2 магистри; 3 ВСС
в) **Етничка припадност** – 5 Македонци
г) **Припадност на политичка партија** – 2 од ВМРО-ДПМНЕ, 1 од СДСМ, 1 од ДОМ, 1 од ЛДП

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС**
**б) во донесување на буџет на ЕЛС**
**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС**

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на седниците што ги одржа во 2019 година иницираше воведување и имлементација на родовата перспектива во повеќе општински програми за работа, конкретно наведени во претходниот дел од Извештајот; нејзини членови преземаат мерки за реализација на конкретни активности (поврзани со здравјето на младата популација), директно се вклучени во организација на голем дел од активностите од Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**
Не.

**5.5. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**
Во 2019 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Кочани има одржано 7 седници. Меѓу добрите пракси произлезени од работата на Комисијата се: Барање до стручните општински служби за инкорпорирање на родовата статистика во извештаите за работа за претходната година; Комисијата предлага да се доделат по 6.000 денари на 10 жени, мајки од социјално ранлива категорија сите со име презиме и краток опис

на здравствено-социјалните околности дадени од Мобилниот сервис за здравствени и социјални услуги – Кочани за финансиска поддршка од Локалниот акциски план за еднакви можности за 2019 г.; Активности од кампањата против ракот на дојката – предавање, видеоспотови со пораки за превенција; средби со жените од урбани и месни заедници за детектирање на потребите и креирање на Буџетот за 2020 г.; проценка на влијанието на претходно усвоените инструменти на политиката на општината кои се однесуваат на различните потреби на жените и мажите.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Регионални/микрорегионални активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите

Редовни препораки за добри пракси од Министерството за труд и социјална политика;

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Системско вклучување на еднаквите можности на жените и мажите во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите во посебните општествени области, вклучувајќи го извршувањето на функциите и надлежностите на субјектите од јавниот и приватниот сектор.